Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 22 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19), постапувајќи по Барање за одобрување на Регулиран максимален приход и цена за снабдување со топлинска енергија за регулиран период почнувајќи од 01.08.2019 година на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје бр.08-46/1 од 10 јуни 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 31 јули 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2019 година на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје**

1. На Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за 2019 година во износ од 1.549.613.886 денари за испорачана количина на топлинска енергија од 489.261.970 kWh.
2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, трошокот за набавка на топлинска енергија, системски услуги и за услуга дистрибуција на топлинска енергија изнесува 1.461.247.967 денари, за набавени 489.261.970 kWh на излез од дистрибутивната мрежа.
3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, регулираниот максимален приход за услугата снабдување со топлинска енергија изнесува 88.365.919 денари за испорачани количини на топлинска енергија од 489.261.970 kWh, на ниво на мерно место.
4. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.65/19), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија за греење на ниво на мерно место:

| Ред бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | цена од 01 август 2019 |
|---|---|---|---|
| **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 999,7881 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 1,9382 |
| **КАТЕГОРИЈА ОБРАЗОВАНИЕ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 999,7881 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 1,9382 |
| **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/ година | 1.399,7033 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,7135 |

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 август 2019 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, согласно член 21 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19), (во понатамошниот текст Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на Регулиран максимален приход и цена за снабдување со топлинска енергија за регулиран период почнувајќи од 01.08.2019 година бр.03-2019 од 10.06.2019 година, заверено во архивата на Регулаторна комисија за енергетика со УП1 бр.08-46/19 од 10.06.2019 година.

Кон Барањето, друштвото ја достави потребната документација согласно со Правилникот:

- Писмо за поднесување на Барање за одобрување на регулиран максимален приход и цена за Снабдување со топлинска енергија, за регулиран период почнувајќи од 01.08.2019 година;
- Прилог 1 – Решение за упис во трговскиот регистар;
- Прилог 2 – Број на вработени од последен список на плати;
- Прилог 5 – Табеларни прегледи на податоци потребни за регулирање на максимален приход и цена на регулираното друштво;
- Преглед на основни средства за 2018 година;
- Прилог 6 - Изјава за веродостојноста на поднесените податоци од страна на претпријатието;
- Прилог 7 – Вредност на основни средства и амортизација за 2018-2019 година;
- Бруто биланс за периодот јануари – декември 2018;
- Бруто биланс за периодот јануари – април 2019;
- Комплет на годишна сметка 2018 (финансиски извештаи со сите прилози);
- Одлука за поднесување на барање до Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија за одобрување на максимален приход и цена за регулиран период почнувајќи од 01.08.2019 година, бр. 02-1823 од 21.05.2019 година;
- ЦД со податоци во електронска форма.

**Податоци од барањето**

Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје во барањето ги има презентирано следните податоци:

| | **Ед.мерка** | **Снабдување 2019** |
|---|---|---|
| **Нормализирани трошоци** | **денари** | **106.911.841** |
| - Трошоци за материјали, енергија, резервни делови | денари | 3.414.511 |
| - Трошоци за тековно одржување | денари | 576.132 |
| - Трошоци за осигурување | денари | 341.639 |
| - Бруто плати | денари | 46.289.107 |
| - Менаџерски плати и награди | денари | 7.333.824 |
| - Други услуги | денари | 28.500.090 |
| - Останати и вонредни трошоци | денари | 7.912.148 |
| **Пренесени трошоци** | **денари** | **11.312.102** |
| **Амортизација** | **денари** | **1.232.288** |
| **Вкупно нормализирани трошоци** | **денари** | **106.911.841** |
| **Средства за ликвидност** | **денари** | **32.341.430** |
| **Вкупно трошоци** | **денари** | **139.253.271** |

| | | |
|---|---|---|
| Трошоци за набавка на топлинска енергија и системски услуги од Дистрибуција | денари | 1.617.071.518 |
| Маржа | денари | 80.853.576 |
| Фактор за корекција за 2018 (фиксен дел) | | -69.544.180 |
| Фактор за корекција за 2018 (променлив дел) | | 5.265.679 |
| **ВКУПНО MAR** | **денари** | **1.772.899.864** |
| **MAR Снабдување** | **денари** | **220.106.847** |
| **Корегиран MAR Снабдување** | **денари** | **145.296.988** |
| **Испорачана количина на топлинска енергија за период јануари-декември 2017 / 2018** | **kWh** | **491.501.319** |

Од доставените податоци на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје произлегува дека регулираниот максимален приход и цена за вршење на регулираната дејност снабдување со топлинска енергија за греење за 2019 година треба да изнесуваат:

| | Ед.мерка | 2019 |
|---|---|---|
| Регулиран максимален приход за снабдување за 2019 година | денари | 145.296.988 |
| Количина на топлинска енергија за испорака во 2019 година | kWh | 491.501.319 |

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 од Правилникот на 25 јуни 2019 година го објави известувањето во врска со Барањето за определување на максимален приход и цена за регулиран период на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика, како и во дневните весници „Нова Македонија“ и „ Коха“.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-2714/1 од 29.07.2019 година свика подготвителна седница на 30.07.2019 година на која предмет на разгледување беше „Предлог-Одлука за утврдување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија за 2019 година на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.

На 30 јули 2019 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од Друштвото за производство на топлинска енергија ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Градоначалникот на Град Скопје, Министерството за економија, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Македонија, претставник од Стопанска комора на северо-западна Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организција на потрошувачи на Македонија, претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РМ како и претставник од Здружение за заштита на граѓанските права “Но Пасаран“.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот започна постапка и изврши анализа на доставените податоци и информации за контрола на одобрениот приход и цена за 2018 година како и одобрената цена со која се остварува регулираниот максимален приход за дејноста снабдување со топлинска енергија на тарифни потрошувачи за 2019 година, врз основа на што ја изготви оваа Одлука.

При контрола на доставените податоци за 2018 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар изнесуваат 3.150.014 денари и се пресметани врз основа на остварените трошоци во 2018 година.
2. Трошоците за тековно одржување се пресметани во висина од 25% од вредноста на годишната амортизација за 2018 година и изнесуваат 289.858 денари;
3. Трошоците за осигурување изнесуваат 346.828 денари и се пресметани врз основа на остварените трошоци во 2018 година;
4. Трошоците за бруто плати изнесуваат 41.616.898 денари и се пресметани врз основа на остварените трошоци во 2018 година;
5. Менаџерските плати и награди изнесуваат 5.789.138 денари и се пресметани врз основа на остварените трошоци во 2018 година;
6. Другите услуги изнесуваат 25.212.529 денари и за истите е земен во предвид износот одобрен со Одлуката за 2018 година;
7. Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци се пресметани во висина од 10% од позициите 1, 2, 3, 4 и 6 и изнесуваат 7.061.613 денари;
8. Пренесените трошоци изнесуваат 18.740.034 денари.
9. Трошокот за амортизација за 2018 година изнесува 1.159.433 денари.

Маржата за дејноста снабдување со топлинска енергија за тарифни потрошувачи за 2018 година изнесува 24.133.766 денари, за испорачана количина на топлинска енергија од 458.185.976 kWh.

Остварениот приход согласно бруто билансот во 2018 година изнесува 1.443.891.159 денари, додека регулираниот максимален приход во 2018 година, повторно пресметан со признаени вредности наместо прогнозирани изнесува 1.350.511.791 денари.

Корекциониот фактор на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје за 2018 година изнесува 93.390.479 денари од кои 74.712.383 денари се вклучени во пресметката на регулираниот максимален приход за услугата снабдување со топлинска енергија за 2019 година, а остатокот од 18.678.096 денари ќе се земе во предвид при пресметката на факторот за корекција за 2019 година.

При анализа на доставените податоци во Барањето за определување на максимален приход и цена за 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар изнесуваат 3.197.264 денари и се пресметани врз основа на остварените податоци за 2018 година зголемени за предвидената стапка на инфлација во 2019 година од 1,5%;
2. Трошоците за тековно одржување изнесуваат 294.206 денари и се пресметани врз основа на остварените податоци за 2018 година зголемени за предвидената стапка на инфлација во 2019 година од 1,5%;
3. Трошоците за осигурување изнесуваат 341.639 денари и се во ист износ како и во барањето;

4. Трошоците за бруто плати изнесуваат 46.694.160 денари и се пресметани врз основа на остварената просечна бруто плата во 2018 година зголемена за 10% и за соодветната стапка на инфлација;
5. Вредноста на менаџерските плати и награди се прифатени согласно податоците од барањето и истите изнесуваат 5.875.975 денари;
6. Другите услуги изнесуваат 25.590.717 денари и се пресметани врз основа на остварените податоци за 2018 година зголемени за предвидената стапка на инфлација во 2019 година од 1,5%;
7. Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци изнесуваат 7.167.537 денари;
8. Пренесените трошоци за 2019 година изнесуваат 11.312.102 денари;
9. Трошокот за амортизација за 2019 година изнесува 1.232.288 денари.

Маржата за дејноста снабдување со топлинска енергија за тарифни потрошувачи е утврдена да изнесува 32.147.455 денари, за испорачана количина на топлинска енергија од 489.261.970 kWh.

Процентот за утврдување на средствата за ликвидност за 2019 година, е утврден да изнесува во висина од 2% од трошокот за набавка на топлинска енергија системски услуги и услугата дистрибуција на топлинска енергија, врз основа на што, средствата за ликвидност за 2019 година, изнесуваат 29.224.959 денари.

По извршената анализа Регулаторната комисија за енергетика утврди регулираниот максимален приход за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје за 2019 година да изнесува 88.365.919 денари.

Трошок за набавка на топлинска енергија, системски услуги и за услуга дистрибуција на топлинска енергија за 2019 година изнесува 1.461.247.967 денари.

Вкупниот регулиран максимален приход на СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје за 2019 година изнесува 1.549.613.886 денари.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 Бр.08-46/19**
**31.07.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Марко Бислимоски**

Табела 1

**РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И ЦЕНА НА ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЕ ВРШИ РЕГУЛИРАНА ДЕЈНОСТ**
**СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ - СКОПЈЕ**

| Р.број | ОПИС | 2018 | | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | СНАБДУВАЊЕ БЕ барање 2018 г. | РКЕ Одлука од јули 2018 г. | РКЕ базна година | Податоци од СНАБДУВАЊЕ БЕ јуни 2019 г. | РКЕ |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | **Нормализирани трошоци** | **110.497.411** | **97.775.926** | **103.366.345** | **106.911.841** | **101.705.888** |
| 1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 3.387.405 | 3.825.510 | 3.150.014 | 3.414.511 | 3.197.264 |
| 2 | Трошоци за тековно одржување (до 25% од амортизацијата) | 259.529 | 259.529 | 289.858 | 576.132 | 294.206 |
| 3 | Трошоци за осигурување | 420.000 | 420.000 | 346.828 | 341.639 | 341.639 |
| 4 | Бруто плати | 45.419.774 | 45.569.160 | 41.616.898 | 46.289.107 | 46.694.160 |
| 5 | Менаџерски плати | 5.726.400 | 5.726.400 | 5.789.138 | 7.333.824 | 5.875.975 |
| 6 | Други услуги (просечно учество од три години во позиција 1) | 26.248.989 | 25.212.529 | 25.212.529 | 28.500.090 | 25.590.717 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци ( до 10% од позициите 1,2,3,4 и 6 ) | 7.573.570 | 7.528.673 | 7.061.613 | 7.912.148 | 7.167.537 |
| 8 | Пренесени трошоци | 20.423.628 | 8.196.009 | 18.740.034 | 11.312.102 | 11.312.102 |
| 9 | Амортизација | 1.038.116 | 1.038.116 | 1.159.433 | 1.232.288 | 1.232.288 |
| 10 | Вредносно усогласување на ненаплатени побарувања | | | | | |
| 11 | **Вкупно трошоци** | **132.808.550** | **97.775.926** | **103.366.345** | **106.911.841** | **101.705.888** |
| 12 | **СРЕДСТВА ЗА ЛИКВИДНОСТ** | | **26.038.831** | | **32.341.430** | **29.224.959** |
| 13 | **МАРЖА** | **74.370.463** | **26.038.831** | | **80.853.576** | **32.147.455** |
| 14 | **МАР Снабдување** | **207.179.013** | **149.853.588** | | **220.106.847** | **163.078.303** |
| 15 | **ФАКТОР НА КОРЕКЦИЈА (фиксен дел)** | **20.555.661** | **-34.782.561** | | **69.544.180** | **74.712.383** |
| 16 | **ФАКТОР НА КОРЕКЦИЈА (променлив дел)** | **-5.447.177** | | | **5.265.679** | |
| 17 | **Регулиран максимален приход за услугата снабдување** | **222.287.497** | **115.071.027** | | **145.296.988** | **88.365.919** |
| 18 | **Трошок за набавка на топлинска енергија, системски услуги и за услуга дистрибуција на топлинска енергија** | **1.487.409.266** | **1.301.941.573** | | **1.617.071.518** | **1.461.247.967** |
| 19 | **Вкупен регулиран максимален приход** | **1.720.591.117** | **1.417.012.600** | | **1.762.368.506** | **1.549.613.886** |
| 20 | **Количина на испорачана топлинска енергија** | **475.912.858** | **479.677.315** | | **491.501.319** | **489.261.970** |

**јул.19**